Република Северна Македонија
Совет на Општина Велес
Број 09-2900/1
25.06.2026 година
Велес

Врз основа на член 39, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 18 став 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а во врска со член 53 став 1 и став 2 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.02/26) донесувам:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на 13-та седница на**
**Советот на Општина Велес**

Седницата ќе се одржи на ден 02.07.2026 година (четврток) во просториите на Општина Велес со почеток во 10:00 часот.

Усвојување на записник од 12-та седница на Советот на Општина Велес

За седницата го предлагам следниот :

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Советнички прашања;
2. Предлог – одлука за прифакање донација од ЕУРОБОБИЛД ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје;
3. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.255/1 во КО Оризари вон град;
4. Предлог – решение за давање согласност на Одлука за давање на училишната кујна при ООУ„Блаже Конески“ - Велес под закуп;
5. Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на Локална установа „Народен музеј“ Велес за 2027 година;
6. Наративен и финансиски извештај од реализација на настанот „Moto Beach Party“ од Здружение на граѓани Мото клуб „Носачи на крстот“ – Велес;
7. Предлог – решение за престанок на мандат на вршител на должност за член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;
8. Предлог – решение за назначување вршител на должност за член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;

**Напомена:** Материјалите по точка бр. 4 Предлог – решение за давање согласност на Одлука за давање на училишната кујна при ООУ„Блаже Конески“ - Велес под закуп; ќе се доставaт дополнително.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.